ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“
Бр. 04 - 327/1
15.02.2024 год.
ПРИЛЕП со Ц.О.

Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик (Сл.Весник на РСМ, бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 74/21), а согласно Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија бр.09-1168/1 од 14.02.2024 година (Сл. Весник на РСМ бр.37 од 14.02.2024г.) и Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр.09-1169/1 од 14.02.2024 година (Сл. Весник на РСМ бр.37 од 14.02.2024г.) Директорот на ЈКП Комуналец Прилеп ја донесува следната:

## О Д Л У К А

**1.**Со оваа одлука постапката за спроведување на јавниот оглас бр.01/2024 година за вработување на 28 даватели на јавни услуги на неопределено време , објавен во весниците Вечер на 18.01.2024г., Нова Македонија и Коха на 19.01.2024 г. **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.**

**2.**За продолжување на постапката директорот ќе донесе одлука.

**3.**Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во членот 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик (Сл.Весник на РСМ, бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 74/21), е предвидено дека од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Северна Македонија и од денот на донесувањето на одлука за избор за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите па до завршување на изборите не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи. Од причини што со Решението за распишување избор на претседател на Република Северна Македонија бр.09-1168/1 од 14.02.2024г. и Решението за распишување на избор за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр.09-1169/1 од 14.02.2024г. и двете објавени во Службен весник бр.37 од 14.02.2024 година е донесена одлука за распишување на избори, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Директор

Рубинчо Абрашоски

Јавно комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со Ц.О.